## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12), член 49 од Статутот на Народната банка на Република Македонија (Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.4.2011 година и О бр. 02-15/III-4/2012 од 29.3.2012 година) и точка 16 од Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за спроведување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања
## („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/13)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува начинот на примена на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања (во понатамошниот текст: Одлуката).

Термините коишто се дефинирани во Одлуката се применуваат и во ова упатство.

2. Банката е должна да ги пополнува и да ги доставува до Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) следниве извештаи:

- Извештај за преземените средства - образец ПС;
- Извештај за преземените хартии од вредност и удели - образец ПХВУ и
- Извештаи за средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања коишто се продадени во тековната година - образец ППС.

Обрасците од ставот 1 од оваа точка се составен дел на ова упатство.

## II. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА

3. Извештајот за преземените средства - образец ПС содржи податоци за сите средства коишто се преземени врз основа на ненаплатени побарувања, со исклучок на преземените хартии од вредност и удели, со состојба на датумот за кој се известува.

Овој извештај содржи податоци за преземените средства со нето-вредност поголема или еднаква на нула, вклучувајќи ги и средствата коишто не се продадени, а за кои ревалоризациската резерва е исклучена од износот на

дополнителниот капитал, согласно со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.

4. При пополнувањето на овој извештај се применуваат следниве правила:

- во колоната бр. 1 - „реден број" се внесува редниот број на преземеното средство. Притоа банката одделно ги внесува: преземените средства до 1 јануари 2010 година, преземените средства по 1 јануари 2010 година до 11 април 2013 година (датум на влегување во сила на Одлуката) и преземените средства по 11 април 2013 година;
- во колоната бр. 2 - „клиент" се внесува името и презимето, односно називот на клиентот од кој е преземено средството;
- во колоната бр. 3 - „вид на преземеното средство" се внесува видот на преземеното средство, согласно со Сметковниот план (земјиште, градежни објекти, опрема, станбени објекти и други вредности). Доколку од еден клиент се преземени две или повеќе средства, банката ги прикажува преземените средства во одделни редови, по хронолошки редослед;
- во колоната бр. 4 - „опис на преземеното средство" се внесува краток опис на преземеното средство (локација, квадратура, намена и слично);
- во колоната бр. 5 - „датум на преземање" се внесува датумот на преземање на средството, по хронолошки редослед;
- во колоната бр. 6 - „затворена исправка на вредноста/посебна резерва" се внесува износот на исправка на вредноста/посебната резерва којшто банката го исknижила од билансот на состојба како резултат на затворањето на ненаплатеното побарување со преземање на средството, при што во овој износ не се вклучува износот на исправка на вредноста/посебната резерва којшто банката го исknижила од билансот на состојба врз основа на направениот отпис, согласно со точката 2 потточка 2.6 став 2 од Одлуката или го задржала во билансот на состојба доколку постојат изгледи за наплата по други основи на преостанатиот дел од побарувањето;
- во колоната бр. 7 - „отпис" се внесува износот на отписот што го извршила банката на делот од побарувањето којшто не е наплатен со преземеното средство;
- во колоната бр. 8 - „почетна вредност" се внесува почетната сметководствена вредност на преземеното средство;
- во колоната бр. 9 - „оштетување при преземање" се внесува износот на оштетувањето за преземеното средство прикажан во билансот на состојба на датумот на преземање на средството;
- во колоната бр. 10 - „почетна ревалоризациска резерва" се внесува разликата од износот на затворената исправка на вредноста/посебната резерва од колоната бр. 6 и износот на оштетувањето при преземање од колоната бр. 9;
- во колоната бр. 11 - „вкупно оштетување" се внесува вкупниот износ на оштетувањето на преземеното средство прикажан во билансот на состојба, од датумот на преземањето до датумот за кој се известува;
- во колоната бр. 12 - „нето-вредност на преземеното средство" се внесува разликата помеѓу износот на почетната сметководствена вредност од колоната бр. 8 и вкупниот износ на оштетувањето на

преземеното средство од колоната бр. 11, зголемена за износот на даноци и други слични трошоци;
- во колоната бр. 13 - „ослободена ревалоризациска резерва" се внесува износот на ревалоризациска резерва којшто е ослободен за секое преземено средство;
- во колоната бр. 14 - „ревалоризациска резерва" се внесува разликата помеѓу почетната ревалоризациска резерва од колоната бр. 10 и износот на ревалоризациска резерва којшто е ослободен од колоната бр. 13;
- во колоната бр. 15 - „датум на очекувана продажба" се внесува датумот на очекуваната продажба на преземеното средство, којшто е наведен во планот за продажба. Оваа колона може да не се пополнува за средствата коишто се преземени во последните три месеци пред датумот за кој се известува;
- во колоната бр. 16 - „очекувана продажна вредност" се внесува очекуваната продажна вредност според очекуваната продажна цена којашто е наведена во планот за продажба. Оваа колона може да не се пополнува за средствата коишто се преземени во последните три месеци пред датумот за кој се известува;
- во редот „вкупно" и колоната бр. 12 се внесува збирот на нето-вредноста на сите преземени средства;
- во редот „вкупен износ за утврдување на лимитите од член 78 од Законот за банките" и колоната бр. 12 се внесува збирот на нето-вредноста на преземените средства коишто не се продадени во рок од три години од датумот на преземањето.

5. За средствата коишто се преземени до 11 април 2013 година, банката не ги пополнува колоните бр. 6, 7, 9, 10, 13 и 14 од образецот ПС.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И УДЕЛИ

6. Извештајот за преземените хартии од вредност и удели - образец ПХВУ содржи податоци за хартиите од вредност и уделите коишто се преземени врз основа на ненаплатени побарувања (во понатамошниот текст: преземените хартии од вредност и удели), со состојба на датумот за кој се известува.

7. При пополнувањето на овој извештај се применуваат следниве правила:
- во колоната бр. 1 - „реден број" се внесува редниот број на преземените хартии од вредност и удели;
- во колоната бр. 2 - „клиент" се внесува името и презимето, односно називот на клиентот од кој се преземени хартиите од вредност и уделите;
- во колоната бр. 3 - „вид, број и издавач на преземените хартии од вредност и удели" се внесуваат видот, бројот и издавачот на преземените хартии од вредност (акции, обврзници, записи) и удели. Доколку од еден клиент се преземени два или повеќе вида хартии од вредност и удели од ист или различен издавач, банката ги прикажува преземените хартии од вредност и удели во одделни редови, по хронолошки редослед;

- во колоната бр. 4 - „датум на преземање“ се внесува датумот на преземање на хартиите од вредност и уделите, по хронолошки редослед;
- во колоната бр. 5 - „почетна вредност“ се внесува износот на првичното признавање на преземените хартии од вредност и удели, на датумот на преземање, утврден согласно со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи;
- во колоната бр. 6 - „ослободена исправка на вредноста/посебна резерва“ се внесува износот на ослободената исправка на вредноста/посебната резерва преку билансот на успех, како резултат на преземените хартии од вредност и удели;
- во колоната бр. 7 - „вкупно оштетување“ се внесува вкупниот износ на оштетувањето на преземените хартии од вредност и удели во билансот на состојба, од датумот на преземањето до датумот за кој се известува, утврден согласно со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи;
- во колоната бр. 8 - „нето-вредност на преземените хартии од вредност и удели“ се внесува разликата помеѓу износот на почетната вредност, од колоната бр. 5 и вкупниот износ на оштетувањето на преземените хартии од вредност и удели, од колоната бр. 7;
- во колоната бр. 9 - „датум на очекувана продажба“ се внесува датумот на очекуваната продажба на преземените хартии од вредност и удели, којшто е наведен во планот за продажба. Оваа колона може да не се пополнува за хартиите од вредност и уделите коишто се преземени во последните три месеци пред датумот за кој се известува;
- во колоната бр. 10 - „очекувана продажна вредност“ се внесува очекуваната продажна вредност според очекуваната продажна цена којашто е наведена во планот за продажба. Оваа колона може да не се пополнува за хартиите од вредност и уделите коишто се преземени во последните три месеци пред датумот за кој се известува;
- во редот „вкупно“ и колоната бр. 8 се внесува збирот на нето-вредноста на преземените хартии од вредност и удели;
- во редот „вкупен износ за утврдување на лимитите од член 78 од Законот за банките“ и колоната бр. 8 се внесува збирот на нето-вредноста на преземените хартии од вредност и удели во нефинансиски институции коишто претставуваат капитални делови на банката во овие институции, а што не се продадени во рок од три години од датумот на преземањето.

## IV. ИЗВЕШТАИ ЗА СРЕДСТВАТА ПРЕЗЕМЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА КОИШТО СЕ ПРОДАДЕНИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

8. Извештаите за средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања коишто се продадени во тековната година - образец ППС содржат податоци за средствата коишто се преземени врз основа на ненаплатени побарувања и коишто се продадени во тековната година, односно од 1 јануари до датумот за кој се известува, вклучувајќи ги и преземените хартии од вредност и удели.

9. Образецот ППС е составен од две табели, и тоа:

- табела бр. 1 - Извештај за преземените средства коишто се продадени од 1 јануари тековната година до датумот за кој се известува;
- табела бр. 2 - Извештај за преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени од 1 јануари тековната година до датумот за кој се известува.

9.1. Во табелата бр. 1, преземените средства коишто се продадени се прикажуваат по хронолошки редослед, со примена на следниве правила:

- во колоната бр. 1 - „реден број" се внесува редниот број на преземеното средство коешто е продадено;
- во колоната бр. 2 - „вид на преземеното средство" се внесува видот на преземеното средство, согласно со Сметковниот план (земјиште, градежни објекти, опрема, станбени објекти и други вредности), коешто е продадено;
- во колоната бр. 3 - „опис на преземеното средство" се внесува краток опис на преземеното средство (локација, квадратура, намена и слично), коешто е продадено;
- во колоната бр. 4 - „датум на преземање" се внесува датумот на преземање на средството коешто е продадено;
- во колоната бр. 5 - „почетна вредност" се внесува почетната сметководствена вредност на средството коешто е продадено;
- во колоната бр. 6 - „вкупно оштетување" се внесува вкупниот износ на оштетувањето на преземеното средство коешто е продадено, прикажан во билансот на состојба од датумот на преземањето до датумот на продажбата;
- во колоната бр. 7 - „нето-вредност на преземеното средство" се внесува разликата помеѓу износот на почетната сметководствена вредност од колоната бр. 5 и вкупниот износ на оштетувањето од колоната бр. 6, зголемена за износот на даноци и други слични трошоци, на преземеното средство коешто е продадено;
- во колоната бр. 8 - „ослободена ревалоризациска резерва" се внесува износот на ревалоризациската резерва којшто е ослободен со продажбата на преземеното средство;
- во колоната бр. 9 - „датум на продажба" се внесува датумот на продажбата на преземеното средство;
- во колоната бр. 10 - „продажна вредност" се внесува вредноста по која е извршена продажбата на преземеното средство;
- во колоната бр. 11 - „начин на продажба" се внесува начинот на кој е извршена продажбата на преземеното средство (во готово, на кредит, пренамена во основно средство коешто е во корист на работењето на банката и сл.);
- редот „вкупно" се пополнува за колоните бр. 7 и 8.

9.2. Во табелата бр. 2, преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени се прикажуваат по хронолошки редослед, со примена на следниве правила:

- во колоната бр. 1 - „реден број" се внесува редниот број на преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени;
- во колоната бр. 2 - „вид, број и издавач на преземените хартии од вредност и удели" се внесуваат видот, бројот и издавачот на преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени;
- во колоната бр. 3 - „датум на преземање" се внесува датумот на преземањето на хартиите од вредност и уделите коишто се продадени;
- во колоната бр. 4 - „почетна вредност" се внесува износот на првичното признавање на преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени;
- во колоната бр. 5 - „вкупно оштетување" се внесува вкупниот износ на оштетувањето на преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени, прикажан во билансот на состојба од датумот на преземањето до датумот на продажбата;
- во колоната бр. 6 - „нето-вредност на преземените хартии од вредност и удели" се внесува разликата помеѓу почетната вредност од колоната бр. 4 и вкупниот износ на оштетувањето на преземените хартии од вредност и удели коишто се продадени од колоната бр. 5;
- во колоната бр. 7 - „датум на продажба" се внесува датумот на продажбата на преземените хартии од вредност и удели;
- во колоната бр. 8 - „продажна вредност" се внесува вредноста по која е извршена продажбата на преземените хартии од вредност и удели;
- во колоната бр. 9 - „начин на продажба" се внесува начинот на кој е извршена продажбата на преземените хартии од вредност и удели (во готово, на кредит и сл.);
- редот „вкупно" се пополнува за колоната бр. 6.

## V. СМЕТКОВОДСТВЕН ТРЕТМАН

10. Банката го евидентира средството коешто е преземено врз основа на ненаплатени побарувања на соодветната сметка од групата сметки 06 - „Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања" од Сметковниот план.

11. Банката сметководствено ги евидентира средствата коишто се преземени врз основа на ненаплатени побарувања, со исклучок на преземените хартии од вредност и удели, на следниов начин:

11.1. На датумот на преземањето, преземените средства се признаваат во билансот на состојба на банката по утврдената почетна сметководствена вредност, при што целосно или делумно се затвора ненаплатеното побарување (врз основа на главница, камата, провизија). Износот на затворената исправка на вредноста/посебната резерва нема ефект врз билансот на успех, туку се прераспределува во рамките на билансот на состојба. Еден дел се евидентира на соодветните сметки за оштетување од групата сметки 06 (оштетување на преземеното средство во висина од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство), а остатокот на сметката за ревалоризациска резерва (сметка 90592).

За отпишаното побарување евидентирано на сметките за вонбилансна евиденција, коешто целосно или делумно се затвора со преземеното средство, банката на идентичен начин ги спроведува сметководствените книжења за признавање на преземеното средство, оштетувањето и ревалоризациската резерва (во билансот на состојба) и истовремено ги затвора сметките за вонбилансна евиденција (сметките 9903 и 9953).

11.2. При последователното мерење на преземеното средство, банката ќе признае во билансот на успех дополнителен износ на загуба за оштетување и соодветно ќе признае оштетување за преземеното средство во билансот на состојба.

11.3. На датумот на продажбата, банката ќе ги депризнае преземеното средство и износот на оштетување евидентиран во билансот на состојба. Во зависност од продажната вредност на преземеното средство, за разликата помеѓу продажната вредност и нето-вредноста на преземеното средство, банката ќе евидентира капитална добивка (сметка 659) или капитална загуба (сметка 639).

Банката ќе ги депризнае преземеното средство и износот на оштетување евидентиран во билансот на состојба и доколку го пренамени преземеното средство во основно средство коешто е во корист на работењето на банката. Банката сметководствено го евидентира основното средство согласно со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи.

Банката ќе ја депризнае (искниижи) ревалоризациската резерва за преземеното средство, со ослободување на исправката на вредноста преку билансот на успех (сметка 64251).

Банката ќе изврши депризнавање (искнижување) на ревалоризациската резерва согласно со ставот 3 од оваа потточка и во случаите кога средството не е продадено, но ревалоризациската резерва е исклучена од износот на дополнителниот капитал, согласно со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.

12. Банката сметководствено ги евидентира преземените хартии од вредност и удели, согласно со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи.

## VII. РОКОВИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА

13. Банката е должна да ги изработува извештаите од точка 2 од ова упатство на полугодишна основа.

Банката ги доставува извештаите од точка 2 од ова упатство до Народната банка, во рок од 30 дена по истекот на датумот за кој се известува.

14. Банката е должна да ги изготви првите извештаи од точката 2 од оваа одлука со состојба на 30 јуни 2013 година и да ги достави до Народната банка најдоцна до 1 октомври 2013 година.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

15. Одредбите од ова упатство што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците во Република Македонија.

16. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**У бр. 24995/2**
**25 јули 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**Димитар Богов**